Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 102, 15 мај 2013 година

мај 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти-пијано и сонологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за научна област биологија, биохемија со физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .... 8

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Машини и опрема во растителното производство“ од авторот доц. д-р Зоран Димитровски од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Трудово право–практикум“ (со коментар на законот за работните односи и модели на акти и обрасци за практична примена) од авторот доц. д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....17

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Психијатрија” од авторите проф. д-р Кнегиња Рихтер-Соколовска, доц. д-р Гордана Панова, проф. д-р Гунтер Никлевски, проф. д-р Дијана Беловска, м-р. д-р Стојан Бајрактаров, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....20

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....23

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „МАШИНИ И ОПРЕМА ВО РАСТИТЕЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ЗОРАН ДИМИТРОВСКИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, бр. 1802-164/5 од 25.3.2013 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ристе Кукутанов, редовен професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и
- д-р Љупчо Михајлов, редовен професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

со задача да изготви и достави писмен извештај–рецензија на ракописот за скриптата „***Машини и опрема во растителното производство***“, поднесен од авторот доц. д-р Зоран Димитровски од Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Материјалот кој е опфатен во скриптата е во согласност со наставната програма по предметот Механизација, кој според студиската програма на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се изучува како задолжителен во четвртиот семестар на сите насоки, со неделен фонд на часови 3+2+2.

Материјалот е презентиран на 174 страници, во 10 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, а содржи 5 табели и 133 слики. Во првото поглавје - *Трактори* авторот дава краток осврт на тракторот како основна влечно-погонска единица што произведува енергија за самоподвижување, како и за подвижување на останатите орудија и машини што се користат во земјоделското производство. Исто така, прикажана е класификацијата на тракторите според начинот на користење, намената, моќноста на вградениот мотор, номиналната влечна сила и концепцијата на изработка. Во вториот дел од оваа тематска единица се прикажани насоките на развој на тракторите, како и развојот на основните компоненти и параметри на тракторот.

Во второто поглавје - *Обработка на почвата*, авторот ги опишува технолошките аспекти на обработката на почвата, со цел постигнување на оптимални услови за развој на растенијата и добивање на максимални приноси. Во ова поглавје се објаснети повеќе начини на обработката на почвата, нивните позитивни и негативни страни, со потенцирање на конзервациската обработка на почвата која претставува интегрална компонента во одржливото земјоделско производство за зачувување на природните ресурси.

Во следните две поглавја - *Машини за обработка на почвата* и *Машини за дополнителна обработка на почвата* се претставени поголемиот дел од машините за основна и дополнителна обработка на почвата, со нивните основни делови, начинот на функционирање, намената како и правилната регулација со цел да се добие подобар квалитет на работа и правилна експлоатација на истите.

Во петтото поглавје се обработени машините за ѓубрење на почвата, каде што подетално се опишани машините кои се користат за манипулација со цврстиот и течниот дел од арското ѓубриво, како и машините за расфрлање на вештачките ѓубрива, кои во денешното интензивно земјоделско производство наоѓаат широка примена.

Во шестото поглавје се обработени машините за сеидба, нивната поделба, составни делови и начинот на работа. Во ова поглавје авторот потенцира дека сеидбата е еден од најважните агротехнички мерки од чијшто квалитет значајно зависи приносот и квалитетот на производот.

Наводнувањето и заштитата на растенијата од болести и штетници е значаен рамноправен и незаменлив дел од комплексната агротехника и современата технологија на производство, затоа во овие поглавја авторот подетално ги опишува машините за наводнување и машините за заштита на растенијата.

Прибирањето на фуражните култури вклучува повеќе технолошки операции, како што се косење, сушење, прибирање, товарање и транспорт на фуражните растенија во различни облици свежа, сува или полусува состојба. За успешно прибирање и манипулација со овие култури во деветтото поглавје се обработени соодветните машини според наведените технолошки операции.

Во десеттото поглавје - *Машини за жетва и вршидба*, како дел од машините за прибирање на земјоделските култури, подетално е објаснет комбајнот, кој во денешно време претставува една од основните машини за прибирање на земјоделските култури и во голема мерка ги намалува трошоците во земјоделското производство.

На крајот од ракописот авторот наведува 32 наслови на литература кои се користени при пишувањето на скриптата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од напред изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Ристе Кукутанов, и проф. д-р Љупчо Михајлов констатира дека ракописот за скриптата „Машини и опрема во растителното производство“ пријавен од авторот доц. д-р Зоран Димитровски е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет и ќе биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му препорачува на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да го прифати рецензираниот ракопис за скриптата „Машини и опрема во растителното производство“ од авторот доц. д-р Зоран Димитровски и истиот да го одобри за користење како **интерна скрипта**, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“–Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристе Кукутанов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Љупчо Михајлов, редовен професор, с.р.**